# 43.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

# ПРИЛЕП




06-12.06.2008

# НЕКОИ НОВИ МЛАДИ СИЛИ

*Полноќни претстави за раздвижување, млади актерски режисерски потенцијали за нова театарска возбуда...*

*Задоволна публика која насетува дека доаѓаат “некои нови млади сили”. Тие ги втурнуваат емоциите на сцена не штедејќи се. Нудат свои концепти и уметнички сензибилитети во третманот на секојдневието, на проблемите на луѓето, на битката на индивидуата со глобализацијата.*

*“Некои нови млади сили” се доволно испровоцирани наскоро да понудат и драмски текстови за да го побараат обичниот човек, да ги пренесат неговите соништа и мечти.*

*Театарските сцени, публиката и фестивалите ги чекаат.*



Со повод: БЛАГОЈА ИВЧЕСКИ, Награда за животно дело

# И НАЈДОЛГИОТ ПАТ ПОЧНУВА СО МАЛ ЧЕКОР

Секоја награда е валоризација на одреден труд. Вреднување на некаков резултат. Секој ја доживува и ја дефинира на различен начин. Сепак, во тоа дефинирање има одреден стереотип. Речиси сите добитници на награди велат дека таа донесува радост, дека предизвикува возбуда, дека наградата мотивира и создава обврски за поголеми резултати во иднина. И јас сум бил во ситуација да го кажам приближно истово ова.

Сегашнава награда, како што ја нарекле дека е за ЖИВОТНО ДЕЛО сепак би имала поинаква дефиниција. Малку поразлична од претходната. Таа носи радост, предизвикува возбуда, но не создава обврска за поголеми резултати во иднина. Иднина!? …каде е сега нашата иднина!?

Нашата иднина е во минатото. Ние одиме таму. Одиме таму со своите мисли, со своите спомени, сеќавања. Одиме таму и влегуваме во еден волуменозен временски простор, четириесетгодишен простор. Не можеме да направиме иднина од тоа време, но можеме да направиме сегашност, во размислувањето, во споредувањето, во проценката. Често си велиме: Зар тоа и тоа требаше да биде токму така?! Зар таа и таа улога требаше да се толкува на таков начин?! Зар не можеше подобро?! Многу прашања, а не секогаш точни одговори.

Лутаме така низ тој временски простор. Некои сеќавања се целосни,некои замаглени, распокинати, нејасни. Лутаме во тој временски лавиринт. Лутаме како бездомници. Го отвораме капакот на огромниот контејнер со нашиот стар багаж. Гледаме, пребаруваме во него. А, таму, се и сешто. Пожолтени листови, исчкртани страници со режисерски забелешки, имиња на многу автори, наслови на многу дела!! Навираат сеќавањата. Си спомнуваме за вложениот труд, за многу нервоза во барањето решение за некој лик, за многу радост, многу меѓусебни брецкања. Се присеќаваме за премиерската трема, за многу



Вистински вљубеник во театарската уметност. Беше носител на стожерни и насловни улоги во дела од современата светска драматургија, драмската класика, домашната драма. Импозантен број улоги (над 130). Има обичај да каже дека играњето во домашни драми му е посебно задоволство. Два пати е наградуван на театарските игри “Војдан Чернодрински” за актерски остварување. Повремено се занимава и со режија. Во театарот има режирано седум претстваи од кои пет за деца, а во домот на културата - петнаесет претстави со комбиниран актерски состав од професионални актери и младинци - аматери.

Позната е неговата перманентна грижа за македонскиот јазик. За потребите на театарот има преведено над дваесет текстови од српски, бугарски и од хрватски јазик. Од 2002 Ивчески е во пензија.

трепетни мигови на радост и возбуда. И ехото на аплаузите како да ни се присторува дека го слушаме!. И што ли уште не…

И каква случајност! Само еден ден пред да разберам за доделувањето на оваа награда, прелиствувам нешто во мојата несредена архива. Во една книга, парче весник од осми март 1961 година читам наслов: "Црнила" од Коле Чашуле на прилепската сцена". Рецензијата е од покојниот Иван Мазов-Климе. Тој прави осврт за повеќе сегменти од претставата и некаде при крајот вели: "Највпечатливи остварувања имаа Лидија Шумановац (потоа Иваноска) и Благоја Ивчески. Кај Лидија импонираше препаленоста во толкувањето на ликот на Неда, а кај Благоја Ивчески (Младичот) ненаметливата наивност која особено дојде до израз кога разбира дека го убил Ѓорчета Петров." Го читам ова и размислувам!... па




тоа беше, речиси, пред половина век. И што би рекол Вапцаров:

… А бевме млади
бевме толку млади…

Тоа беше првата рецензија во која го сретнав своето име. Тоа беше почетокот. И еве доказ дека животот може да биде одличен режисер. Еве и сега кога не сме " толку млади" и кога се затвора кругот, со Лидија сме пак заедно - и препалени и радосни и возбудени.

> Ентузијазмот, неисцрпната енергија и работната дисциплина, беа карактеристика на работното поведение на Ивчески. Неуспесите ги доживува емотивно, а успесите ги манифестира скромно. Карактеристично за неговото актерско творештво е обемноста и разновидноста на улогите што ги толкувал.

Кога би ме прашал сега некој: Кога сум бил посреќен и порадосен, дали тогаш, кога за прв пат го прочитав своето име во весник или сега кога го добив ова признание по толку долг, изоден пат? Не знам! Навистина не знам што би одговорил. Знам само тоа дека и најдолгиот пат започнува со мал чекор.

Благодарност до тие што направиле оценка дека сум го изодел тој нерамен пат, од почетокот до крајот!

НИКОЛА РИСТАНОВСКИ, актер:

## КВАЛИТЕТОТ ГО НОСАТ ЕНЕРГИЈАТА И ПОЖРТВУВАНОСТА

**Има ли правци кои во моментов се следат во македонскиот театар?**

-Мислам дека нема некој, генерално, специјален концепт, ниту има некој специјален бран. Се што се случува, и лошо и добро, е последица на групи луѓе кои се трудат во не многу лесни услови да направат нешто автентично, конкурентно, вистинско, без разлика дали во тоа некогаш успеваат. Тоа се случува хаотично. не верувам дека театарот може да има бран или концепт во оваа земја. Она што може да се извлече како квалитет е енергијата на одредени луѓе, поединци или групи кои имаат заеднички "филм" и се подготвени да се жртвуваат за театарот.

**Си соработувал со другите театри на Балканот…**

-Никаде театарот сам по себе не е сјаен. Секоја претстава е борба за театарот. Никој не ти гарантира добар театар. И во берлинските театри секоја нова претстава е да се оджи квалитетот. Нема гаранција. Не зависи од зградата, Министерството. Зависи само од креативниот момент и



потенцијал. Е сега, ако тоа е поддржано - тогаш има "полна капа".

**Велиш дека не се спротивставуваш на режисерските концепции? Би побарал ли нешто да играш?**

- Не. Во се што играм наоѓам моментално задоволство. Можеби е доста егоистично. јас не го играм она што го посакувам, туку го посакувам она што го играм. И во најлошата драматургија може да се оформи лик со свои желби, мечти, цели, филозофии, религии. Не се спротивставувам на режисерски концепции оти сум потолерантен, туку треба да се мисли дека има и други паметни луѓе.

ЃОРЃИ ЈОЛЕВСКИ, актер

## ТЕАТАРОТ ДА ИЗЛЕГУВА ОД МАТИЧНИТЕ СЦЕНИ

Штом постои театар, театарот напредува. Театарот ја исполнува својата функција да го коментира она што се случува во овој миг. А гледајќи го репертоарот на Фестивалот, се забележува дека режисерите и уметниците, воопшто кои учествуваат на Фестивалот, се максимално ангажирани и го потенцираат она што се случува во сегашн оста.

Дали напредува или не, дали може да се спореди со она што се случува надвор од границите? Тоа ќе може да пресуди само публиката која е надвор од Македонија и која ќе ја види македонската продукција на вистинско место. Што значи дека, оние кои ја уредуваат театарската политика треба да направат големи усилби македонската продукција, македонските претстави дефинитивно колку што може почесто да излегуваат од своите матични сцени, да се претстават на вистинските фестивали надвор од државата за да може да се направи компарација. Прво, уметниците да видат до каде се, од една, а од друга страна македонскиот театар може да се претстави со својот јазик, идентитет, традиција, култура и уметност. Театарот е важен сегмент од уметноста, воопшто и ние бидејќи сме во таа фамилија, треба секојдневно да правиме сé не само да ја вршиме нашата работа да создаваме, твориме, туку и да бидеме оние кои што ќе направат услови таа уметност да се развива и да се промовира како што треба.

Имаме квалитетен театар. Мерилото е аплаузот на публиката.



# Гледавме...

Тетовски театар - Тетово

**"Импресарио од Измир"** - Карло Голдони

Режија: Ахмет Јакупи

Тон: Нади Адеми

Гардероба: Хаљим Незири

Декоратери: Менсур Шаќири и Асип Садику

Дизајн: Бесарт Кољоња

Играат: Музафер Етеми, Аида Аљидеми, Елмир Сејфулаи, Наиме Ази, Букурие Кчику, Дритеро Аме, Аљи Ќерими, Бљерим Исмани, Бурхан Амити, Арсим Фазљиа и Аљтрим Мамути

## Претставата...

Претстава за потрагата по музички гласови. Без модерна сценографија, без видео ефекти, едноставно претставата е чист театарски производ во кој актерите се тие кои на своите плеќи ја носат претставата, ја прераскажуваат и ја измамуваат реакцијата од публиката.

**Ахмет Јакупи,** режисер:

Ова е претстава за три дами кои сакаат да одат во Измир. Практично тие не знаат ниту да играат ниту да пеат. Во мојот концепт едната дама е убава - висока, без глас, втората е малку убава и има малку глас, а третата која не е убава - има глас. Но, во потсвеста сите сакаат да бидат "прва" дама. Во тие инаети кои ги имаат во срцата, се прават интриги кои и ден денес постојат меѓу актрите. Или се работи за "женски" и "машки " свет.

**Елмир Сејфулаи,** актер:

Мојата улога се вика Конт Љаска, тој е италијанец кој работи со оперски пејачи и пејачки и му помага на Турчинот кој дошол во Италија да земе пејачки за да прави опера во Измир. Ги почувствував реакциите од публиката иако превод немаше.



**Наиме Ази,** акетер:

Ја играв втората дама. Во театар сум играла многу улоги доделени од Ахмети Јакупи. "Комедија дел арте" е многу позната и се игра со стил, а она што посебно ми се допродна овде во прилепскиот театар е тоа што имаше публика која разбира театар. Театарот се разбира иако не се знае јазикот.

**Бурхан Амити,** актер

- Мојот лик е пејач кој нема врска со пеењето. Но знаејќи дека Импресарио доаѓа од Измир и има и дава многу пари за пејачите кои ќе одат во Турција, се трудам да бидам еден од нив сакајќи на секој начин да влезам во групата која ќе замине. Прв пат ми е да доаѓам во Прилеп и многу ми се допаѓа гостопримството и театарот кој е стар, а за тоа нека мислат надлежните, но има некоја домашна, пријатна, фамилијарна атмосфера.

## Публиката...

- Претставата беше супер толку колку што можевме да ја разбереме. Глумците се трудеа да го изглумат тоа вистински што сакаат да го кажат. Претставата има својата убавина.

- Ништо не разбрав и немам коментар за претставата.

- Многу убаво ја доживеав претставата. Јас сум голем љубител на театарот, но ми пречеше многу што не разбравме ништо. Сценски убаво беше поставено, режијата беше добра, немам зборови.

- Видов уиграна актерска екипа, се познаваше дека претствата се случува во опера, ама не разбрав што зборуваа. Убава претстава.

Македонски народен театар - Скопје
**" ДРАКУЛА"** од Дејан Дуковски
Режија: Срѓан Јаниќиевиќ
Костимограф: Марјан Пејоски
Драматург: Благица Секулоска
Музика: Поган Поган
Тон мајстор: Антонио Дојчиновски
Светло мајстор: Илија Тарчуговски
Играат: Ирена Ристиќ, Никола Ристановски, Јордан Симонов, Сенко Велинов, Ана Калачоска, Драгана Костадиноска, Гораст Цветковски, Славиша Калевски. Сашко Коцев, Јана Стојановска, Ана Стојановска, Наталија Теодосиева.



П р е т с т а в а т а . . .

"Дракула" е поинаков, пред се, сценски израз кој во никој случај не ја остава публиката рамнодушна. нема средина: или се допаѓа или не. Доминираат сценскиот израз и костимите, играта на актерите. А текстот?

**Срѓан Јаниќиевиќ,** режисер:

- Многу сакам бајки. Оваа е една од поубавите бајки што сум ги сакал во животот. Луѓето очекуваат хорор, но на друго ниво. Ова е театарски хорор. Работевме подолго но не и напорно. Сите уживевме. А знам дека ќе има луѓе што ќе ја обожуваат и луѓе што ќе ја мразат претставата.

**Сенко Велинов,** актер:

- Претставата, во секој случај, не ја остава рамнодушна публиката. И во Скопје и овде. Ова е нешто ново и за нас. Тоа е сензибилитетот на режисерот и личи на него. Сите ужививме. Има агресина на сетилата. Всушност е и агресивна претстава во секоја смисла. Изгледа дека делува на новата генерација. Кај нас од другата генерација се ни пречи: кога е гласно, метеж. Другата генерација сака поинтензивни чувства да понесе од театарот. Претставата е повеќе наменета за нив.

**Никола Ристановски,** актер:

- Претставата има различна комуникација со публиката. Не сум до крај сигурен на кој начин публиката ја следи, ја толкува, но и не се обременувам. Се обидувам мојата игра да биде целосна, да се оправдам себеси на сцена. И пеењето и сценскиот настап се составен дел од секој актер. Без тоа актерот не е исполнет, иако не сум инсистирал да пеам на сцена досега. Интересна театарска форма. И мјузиклот е театарски чин. За мене е ново искуство кое значи чекор во друг правец.

**Ана Калачоска,** манекенка

Ова е, дефинитивно, поинаква претстава. Мене ми е прва во која ја работам бидејќи не сум актерка, туку сум манекенка. Но се вклопив.

П у б л и к а т а . . .

- Воодушевена сум од Никола Ристановски. Инаку ова е нешто ново, чудно, интересно, прифатливо.
- Одлична беше сценската изведба, актерите, режијата.
- Воопшто не ми се допадна. Текст катастрофа и целосно не ми се допадна.
- Тешко на културата кога дојде метал музиката да биде препознатлива во театарот. Немаше ниту театар, ниту јазик. Присуствувавме на претстава за англиско јазично подрачје. На кој јазик зборува денес артистот во Македонија? Ова сепак е Македонски народен театар, национална институција.



Народен театар- Битола
**"ОБЅРНИ СЕ ВО ГНЕВОТ"** - Џон Озборн
Режија: Јован Ристовски
Превод:Љубица Арсовска
Музика: Христо Бојаџиев
Сценографија: Ненад Ждеро
Костимографија: Благој Мицевски
Светло: Димче Спасевски
Продуцент: Димитар Михајловски ТРИНИТИ-продукција
Ментор: проф. Слободан Унковски
Асс. Златко Славенски
Играат: Огнен Дранговски, Маја Андоновска, Никола Пројчевски, Илина Чоревска и Елена Моше.

●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●

П р е т с т а в а т а . . .

Оваа пиеса Озборн ја испраќа по пошта на конкурсот на Џорџ Девин за списанието "Сцена". Пиесата не само што е изведена во 1956 година, туку, од тогашните британски критичари е прогласена за пресврт во британската драматургија. Станува збор за гневни млади луѓе кои во британскиот општествен и политички живот настапуваат радикално, дури и анархистички.

●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●

**Јован Ристовски,** режисер:

Оваа е камерна претстава и за публиката да го има максималното доживување треба да биде на растојание најмногу до пет метри. Овде, од некои технички причини, актерите играа пред големо гледалиште што, се разбира, дека е проблем за да ја доживеат претставата поинтимно, зашто амбиентот во претставата е само една соба каде дејствуваат млади и нервозни луѓе.

**Маја Андоновска,** актерка:

Задоволна сум најпрвин од нашата актерска енергија, но, и од публиката која едноставно зрачеше, бидејќи, знаете, дека тоа во театарот е многу важна взаемна работа; се гледаше дека публиката ја прима претставата.

**Огнен Дранговски,** актер:

Мојот лик, ликот на Џими Портер беше носечки во претставата, а тоа значи и зголемен ангажман, труд при неговото доловување.

**Илина Чоревска,** актерка:

Според мене, ова беше едно од подобрите изданија на оваа наша претстава, иако, последниот збор треба да го каже публиката. А, луѓето од нашата бранша сметаат дека ова е една од претставите која заслужуваше да биде во официјалниот дел.

**Елена Моше,** актерка:

- Јас играв една мала, епизодна улога во претставата, но, сепак многу значајна. Задоволна сум од она што го постигнавме со овие млади луѓе.

●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●

П у б л и к а т а . . .

- Одлична претстава, нешто невидено и мислам дека и прилепскиот театар треба да направи нешто вакво. Најмногу ме импресионира актерската игра на овие млади луѓе.
- Текстот е добар, на доста солиден британски писател и мислам дека можеше да се извлече многу повеќе од тој текст. Можеби проблемот е во преводот, не знам…
- Можам да дадам една солидна оценка за едни, би рекол, млади луѓе, но, се уште аматери во играта кои успеаја да го задржат вниманието на оваа исто така млада публика.

Албански театар - Скопје
**"ВОЈЦЕК"** - Георг Бихнер
Преведе: Ардиан Клоси
Сценографија: Бетим Зекири
Костимографија: Марија Пупучевска
Музика: Марјан Нечак
Асс. на режија: Бесфорт Идризи
Кореограф: Искра Шукарова
Анимации: Никола Стрезовски
Играат: Муса Исуфи, Мирилинда Саити, Салаетин Билал, Адриан Хазири, Илбер Муртези, Музбаџин Камили, Осман Ахмети, Аида Алидеми, Бекир Нуредин, Генци Мирзо и Емине Кадриу

П р е т с т а в а т а . . .

"Војцек" е метафора на човечката егзистенција. Драма каде што - слично со монументалноста на античките драми - човекот се соочува со боговите, земјата со универзумот, создавањето со уништувањето… Претствата немаше симултан превод.

**Куштрим Бектеши,** режисер:

Војцек е војник во најниската хиерахија кој ја убива женaта бидејќи сфаќа дека таа го изневерила со еден мајор. Неговата причина за убиство не е љубомората, туку експериментот кој го врши еден доктор со него и тој е во психички и физички колапс. Во целата претстава станува збор за еден индивидум кој што се соочува со општесвото кое не го разбира и го потиснува до лудило. Ова ми беше главниот мотив да го работам овој текст. Ме разочара малку фактот дека публиката беше малкубројна. Немавме превод бидејќи јас направив претстава од 4 верзии на драмата на Бихнер, а во македонскиот превод кој се работеше во Драмски театар има само една верзија и немавме време да нарачаме нов превод.



**Муса Исуфи,** актер:

Војцек се би дал една ноќ да заспие како нормален човек, но тој нема потпора никаде, ни во својата жена, ни во другарите. Неговата болка е многу голема. Имаше вибрации од публиката, јас жалам зошто немаше превод тое е техничка работа. Не сум задоволен што немаша публика.

**Салаетин Билал,** актер:

Докторот е еден специфичен човек кој што преку преку жртвување на Војцек, на човечки живот, сака да постигне одредени цели. Ме потсетува на Менгеле од Втората светска војна. Публиката беше малкубројна, меѓутоа елитна затоа што сите сцени ги прима одлично и ја следеше претставата од почеток до крај со одлично внимание и интерес.

**Аида Алидеми,** актер:

Маргарита е жена која е пријателка со главниот лик Марија. Беше задоволство да се игра пред публиката во Прилеп но малку сум разочарана што имаше малку публика. Лани беше малку подбро.

П у б л и к а т а . . .

- Не можам да кажам ништо посебно за претствата затоа што ништо не разбрав. Ми пречи тоа што нема симултан превод. Она што го видедов е дека актерите прекрасно играат.
- Мислам дека е одлична претставата. Режисерот Куштрим Бектеши го знам од порано, сум ги гледал неговите претходни претстави.
- Посебно ми се допадна актерот Салаетин Билал.

НТ Штип
**"БЕГАЛКА"** од Васил Иљоски
Режија и адаптација: Дејан Пројковски
Музика: Горан Трајковски
Сценографија: Владо Ѓорески - Рафик
Костими: Благој Мицевски
Играат: Пеце Ристевски, Владимир Тулиев, Кристина Атанасова - Арсова, Соња Арсова, Руиш Беговска, Милорад Ангелов, Валентина Георгиева, Миле Вратеовски.

## Претставата...

Претстава во која текстот Бегалка се препрочитува, се пребарува во контекст на современиот експресионизам и во тоталната поетска жестокост. Во час и половина игра на актерите од Штипскиот театар, бунтот на Бегалка е во рамките на контекст на тоталниот театар кој како крик се обидува да не потсети за нашата судбина, опстојувањето, за нашето бегство од се што е лажно.

**Дејан Пројковски,** режисер:

Се обидовме во 21 век да зборуваме за човековите права. Секој човек има право на избор. Со "Бегалка" го направивме она што секоја генерација треба да го направи. Старите текстови да ги препрочита и да ги постави на сцената и да ги преиспитуваме моралните и естетски кодови. Со екипата дејствуваме како театар-ска лабараторија. Целата приказна течеше синхронизирано како симфонија. Презадоволен сум од приемот на публиката. Аплаузот доволно говреше.

**Горан Трајковски,** автор на музиката:

Не беше тешко да се создаде музиката за претставата. Она што беше напорно беше ритамот бидејќи се се изведува со голема брзина. Самиот процес на создавање на музиката траеше две недели.

**Пеце Ристески,** актер:

Задоволен сум што работев со одличен режисер и екипа од добри актери. Направивме брехотовски избор, претстава современа со многу музика.

**Руиш Беговска,** актер:

Воодушевена сум од тоа како публиката ја прифати претставата. Прво беше занемена а потоа настана експлозија. Задоволна сум што работев со Пројковски.

**Сања Арсовска,** актер:

Вторпат настапувам на фестивалот. Лани настапивме во оф програма. Се уште сум под импресија. Многу сум задоволна од реакциите на публиката. Улогата ја сработив во соработка со колегите бидејќи ова ми е прва професионална улога.

## Публиката...



-Една од најдобрите претстави на Фестивалот. Само имам мала забелешка за режисерот. Можел да скрати некои сцени. Во суштина интересно гледање и препрочитување на Бегалка.
- Одлична претстава. Многу сум задоволна од тоа што ни го понуди Штипскиот театар.
- Современа претстава со одлична режија, одлична игра на актерите. Целата екипа заслужи петка.
- Интересна поставка на Бегалка. Многу убав спој на старото со модерното.
- Комплетен театарски чин. Се беше на свое место. Браво за штипскиот театар.

**“ЕЕГ”**
Авторски проект на Ѓорѓи Јолевски
Театар Квартет во копродукција со МНТ Скопје



П р е т с т а в а т а . . .

Еден човек - еден ансамбал. Ја нарекуваат монодрамата ЕЕЦ на Ѓорѓи Јолески. Зато што успева да долови креација на цел актерски тим на сцена само преку себе. Тоа е творечка игра и моќ да се задржи вниманието, да се посегне по неможното преку монолог да се трансферира дијалог. И со гестовите, со многу пораки за вчера, денес и утре.

**Ѓорѓи Јолевски,** актер и продуцент

Одлично се чувствувам секогаш кога сум во Прилеп на МТФ. Многу од колегите забележаа, оти доаѓам во придружна програма. Затоа што на МТФ многупати сум бил наградуван, сум бил во жирито или во Советот. Токму поради тоа треба да сум присутен во сите сегменети. Не е првпат да бидам во придружната манифестација. Исто така бев со театарат Квартет и претставата Квартет и со Фауст во 1996 и 1997 година. Континуитетот продолжува и во 2008 година. Треба да се биде присутен, затоа што претставата беше совршена, пред се, поради концентрацијата на публиката, иако по полноќ кога духовит шетаат. Токму и оваа претстава е истражување, откопување на мртвите ликови кои сум ги одиграл во кариерата. Всушност, три од многуте беа на сцена, повторно застанаа, а претходно беа наградени на овој ист Фестивал, се разбира во годините што минале и претстави кои биле целосни или ликови, се вратија на сцена да се сретнат со публиката и да оживеат пак. Комплицирано е да се работи мононастап. Зашто се вели дека монодрамата е здодевен концепт на театар. Но, тоа дефинитивно е најтежок жанр, зашто актерот не може да се потпре на друг освен на себе си. И ликот или ликовите што се играат, и едновремено да се задржи концентрацијата на публиката, е потребно голема внимателност во чесноста на пристапот кон делото. ЕЕГ или електро енсефалограм е изведба што не ја разочара публиката и понуди нешто ново, необично и возбудливо.

П у б л и к а т а . . .

- Бобан Ристески е воодушевен од претставата и темата, иако играта ја гледал вторпат. Тој нема зборови да искаже како тоа еден човек да изведе толку многу. Оваа претстава е пример, оти почнувам да се занимавам со аматрско актерство веќе со две комедии и една драма
- Викторија Дамческа: Не сакам да бидам нескромна, но ова било најдобрата претстава која ја гледала. Актерот целосно се внесол во улогите. Вели дека е скоро е невозможно толку многу личности да се вклопат во еден човек. Не беше потребен никој друг на сцената, ни светлосни, ни музички ефекти. Беше доволен сам за комплетна возбуда.
- Стефан Миткоски вели дека на секоја сцена, на секое појавување актерот направил публиката сама да се внеси во него. Повеќе немам зборови. Прекрасно.

# ФЕСТИВААСКО ОПКРУЖУВАЊЕ ...

## Промена во програмата

Денес на пладне на Сцена 105 требаше да се одржи промоција на драмсите текстови “ШМИРЗЛА” од Сашо Тасевски, во издание на ТРИ. Но поради обврски на промоторот проф. д-р Венко Андоновски, промоциата остана за некоја друга пригода. Тоа не значи, драга фестивалска публико да не ги побарате драмските текстови и сами да откриетешто нудат тие.





**Без музика нема добра забава**

Музика, само музика, беше мотото на забавата што синоќа се случуваше во театарското бифе во ЦК"Марко Цепенков" по завршувањето на претставите. Театарџиите решија, освен да ни понудат театар и малку да се забавуваат. Да запеат некоја омилена песна, да пивнат прилепско дабче. Забава на ниво! Се пееше, се играше до раните утрински часови. Ете така , театарџџиите не знаат да "согоруваааат" само кога работат претстави, туку и кога се забавуваат.



Музика и само музика ни треба, порачаа театарџиите



За убавата песна во бифето се погрижи, Елена Моше

Трибина:
**"ДРАМСКИ ТЕКСТ - ЧИТАЊЕ"**
Модератори:
Трајче Кацаров и Братислав Димитров



**Петар Темелковски:**
Се радувам што оваа тема ја отвораме на Фестивалот.

Ќе ни дадат да прочитаме едно драмско дело и ќе речеме : "Не ме фати".

Како да е девојка. Ќе рече и ќе ти ја врати. Не треба никој никого "да го фати". Начинот на перцепција е различен. Секој човек си создава аспект. Кога ќе се создаде драмското дело, тоа е светлосна порака испратена од еден човек. Ја намалил својата душа за неколку духовни степени за на околината да и го испрати своето чувство. Треба да има повеќе аспекти. Тие што ќе преовладаат со убавина - да го верифицираат. Не преку "бифе", "бацанаци", "зетови"... Драмското дело да има свој пат до сцената.

Еве два стиха од Мајаковски кои се тесно поврзани со темава: "Душата ми ја изгазивте и ми ја зголемивте" - значи не му направиле штета. Или: "Пропадна Помпеја кога го раздразнија Везув". Драмските творци се како вулкани. Во драмскиот текст има оган кој лесно може да се претвори во вулкан кој ќе не огрее и ќе не облагороди.

Воведувајќи ги присутните во темата за дискусија **Трајче Кацаров** се обиде низ примери да укаже на тоа дека има повеќе видови "читачи" на драмскиот текст. Сé зависи од контекстот и од целите и намерите во театарот како уметност воопшто. На пример: Жорж Санд му предвидела на Алфред де Мисе дека неговиот текст ќе живее сто години. Но таа била заљубена во него. Данченко не е скромен со Чехов но има и своја намера. Му требало за новиот театар.

Според Роналд Барт се откриваат два читателски режими. За едниот тип е битно пространството на текстот, а не јазикот, а другиот тип е целосно прецизен во читањето, вели Кацаров елаборирајќи ги пристапите на читање на драмскиот текст во историските контексти.

- Мојот став е дека читателите на драмскиот текст се делат на оние во театарот - почитувајќи ги времето и просторот и другите надвор од театарот кои на делото му даваат книжевна вредност, смета Кацаров.

**Братислав Димитров:**
- Секој чита за себе. Коментирајќи го драмскиот текст, откриваме повеќе за себе. За мене драмскиот текст е боенка. Го имаме цртежот на кој ги нанесуваме сопствените бои. Прашањето за субјективно и објективно читање е лажна дилема.

Со секое драмско дело треба да се воспостави комуникација. Би го исправил терминот "читање" - и најлошата и најдобрата драма имаат своја есетика. Клучниот момент е поттекстот. Теоретски тоа најдобро го кажал Гогољ: 'На зборовите треба да им е тесно, а на мислите широко." Во практика најдобро тоа го изведе Ацо Ѓорчев на премиера пред 25-6



години во "Јас Клавдиј" пронајде свој личен оригинален подтекст во изговорот на " Ме уби Брут" ( се пофали).

Секој драмски текст е посебен свет. Основно е да го одрази духот на времето, а уште подобро е преку конкретни ликови "од крв и месо" да ги одрези личните и колективните драми, надежи, стравови. Театарот се игра сега и овде. Текстот е убав повод за претстава. Не почнува и ништо не завршува со текстот.

**Тодор Кузманов,** театарски критичар:

Сценскиот пристап нуди пресоздавање на драмскиот текст. Тогаш имаме театар. Во Македонија имаме примери на тандеми: драмски автор-режисер.

**Ана Стојаноска,** театролог:

Театарот се менува. Ако кон крајот на 20-от век беа неприкосновени режисерите, сега се враќаме кон драмскиот текст кој се почитува. Сега во Европа има постдрамски театар. Театар на текст.

**Маја Мицевска,** драматург:

Заедничкото на секое уметничко дело е повеќезначноста. Секој го чита и го разбира делото. Значи, не може да говориме за точно и погрешно читање, ниту за точно и погрешно разбирање. Тешко на делото ако е сиромашно со повеќезначност.

Но што во случаи кога режисерот малку зема од текстот и прави своја претстава. Тогаш во прашање е режисерска суета.

**Петар Темелковски:**

Како појаснување: кога се споменува надградбата, тоа значи облагородување на соработката во оформување на делото на сцената и размена на креативна енергија.

**Сребра Пашоска,** новинар

Се е повеќе теорија. Каде се примерите од практиката во македонскиот театар?



**Русомир Богдановски,** автор и професор

Со години на Фестивалот нема домашни драми. И се помалку ги има. Тоа е проблем кој не задира во проблемот на авторот, туку кај институциите. На поставеноста на театарот во однос на сопствениот автор. Од друга страна има уште еден актуелен проблем - поставеноста на театарите да има еден апарат, систем, да има читачи. Не постојат драматурзи. Велиме имаме режисери - занаетлии, но оној момент кога ќе прашаме: Кој ги чита тие текстови, гледаме дека никој не ги чита. Се оди по инерција - што ќе понудат режисерите. Главно се познати текстови. Но најтешко е да се прочита нов текст и во него да се најде вредност да биде поставен. Овде ништо не може да решиме. Но треба да го поставиме проблемот.

Во разговор со студентите на драматургија…

ЛИЧНАТА ПРОВОКАЦИЈА ЗА ИДНИТЕ ДРАМСКИ АВТОРИ….

**Горјан Милошевски:**

Има доволно провокација за младите драмски автори во нашето опкружување. Но драмскиот текст со помалку зборови да провоцира сценска изведба. Создавањето сценски израз од текстот е колективен процес. Мене лично како млад драмски автор ме провоцираат соништата на луѓето. Би работел приказна за обичниот човек.

**Билјана Кренческа:**

Мене ми е провокација естетиката на зборот и неговото оживување на сцената. Во последно време се наметнуваат многу тези во делата. Повеќе би ја ангажирала уметноста на драмскиот текст во смисла на естетика.

**Јована Нелковска:**

За мене провокација за драмски текст кој треба да жувее на сцена е апатијата што не опркужува, незадоволството и глобалната "досада". Преку тоа ќе ги изнесам чувствата на сцена.

**Мириета Фејзулаху:**

На факултетот се учи занает, но се зависи од нас што ќе прикажеме. Треба да се обликуваат сценски нешта подостапни за публиката. Авторот треба да биде "народен" а не да создаде текст само за група луѓе. Има доволно актуелни теми да ги разберат сите и со поставувањето на сцена.





**Ќе гледате:**

**Среда, 11.06.2008**

***ЦК "Марко Цепенков" - 20.00 часот***

Драмски театар - Скопје

**"Супернова"** од Лори Андерсон,

режија: Златко Славенски

***НТ "Војдан Чернодрински" - 23.00 часот***

ФДУ - Скопје

Испитна претстава по актерска игра на 2-ра година

во класата на Проф.Кирил Ристоски Доц. Зоја Бузалковска

**Четврток, 12.06.2008**

Свечено затворање на Фестивалот

***ЦК "Марко Цепенков" - 22.00 часот***

Драмски театар

**"Комшилук наопаку"** од Н.Митровиќ,

режија Нени Делместре

43. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

***Покровители:***
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Осман Ахмети - Албански театар Скопје
Сенко Велинов - МНТ - Скопје
Јордан Витанов - Народен театар Велес
Брано Ѓорчев - Драмски Театар Скопје
Трајче Кацаров - Народен театар Штип
Драган Маџиров - Народен театар Струмица
Сашо Огненовски - Народен театар Битола
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности Скопје
Елмир Сејфулаи - Тетовски театар Тетово
Љубомир Чадиковски - Татар за деца и млади
Тони Чатлески - Народен театар Прилеп
Наџи Шабан - Турски театар Скопје

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Осман Ахмети - член
Бранко Ѓорчев - член
Роберт Павлевски - член
Сашо Огненовски - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Љуран Ахмети - актер
Васе Манчев - драмски писател
Благоја Чоревски - актер

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

**Организација и маркетинг:**
Менче Караџоска

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

Билтен на 43. МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
За издавачот: Петар Темелкоски
Уредува - Редакција: Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
Фотографии: Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: „ТИРЕКС” - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
Дом на културата „Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk